РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3360/2
07-03-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познати подносители, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 83-та седница одржана на 27.02.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата број 12-3360/1 од 10.09.2021 година, во која се укажува на незаконско преземање на правно лице, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интерес, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што ДКСК веќе има постапувано и донесено одлука по предмет со исти наводи.

Предметот со број 12-3360/1 од 10.09.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познати подносители, на ден 10.09.2021 година, поднесена е пријава во која се укажува на незаконско преземање на правно лице и оформен е предмет број 12-3360/1 од 10.09.2021 година.

Во пријавата се укажува на незаконско преземање на правното лице -------------------------- од страна на --------------------------, а воедно ги издава дуќаните на работниците под закуп и зема закупнина веќе 20 години.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека веќе има постапувано по наводите од посочената пријава во предмет со број 12-1823/1 од 24.04.2020 година за што на 51-та седницата на ДКСК, одржана на 31.08.2021 година, донесена е Одлука за отфрлање на пријавата поради немање елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk